МОТ
Меѓународна канцеларија на трудот

# БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Меѓународна канцеларија на трудот

SafeWork

SafeWork

Безбедна работа

Програма за безбедност, здравје и животна средина
Оддел за заштита на трудот

Меѓународна канцеларија на трудот
4, route de Morrilons
CH-1211 Женева 22 – Швајцарија
Тел. +41.22.799.67.15
Факс +41.22.799.68.78

# РАБОТНИЦИТЕ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

**Колку работници се вработени во земјоделството?**

Се проценува дека 1,3 милијарди работници се ангажирани во земјоделското производство во светот. Тоа претставува половина од вкупната светска работна сила. Само 9% од земјоделските работници се во индустријализираните земји. Речиси 60% од нив се во земјите во развој. Голем дел од земјоделските работници се наоѓаат во Азија, која претставува најгусто населен регион во светот, со повеќе од 40% од светската земјоделска популација концентрирана во Кина и повеќе од 20% во Индија.




## ПРОЦЕНТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ РАБОТНИЦИ ВО СВЕТОТ




Достапните податоци покажуваат дека распределбата на земјоделските работници во светот е пропорционална на појавата на сиромаштија.

## ПРОЦЕНТ НА СИРОМАШТИЈА ВО СВЕТОТ




**Како тие живеат?**
Околу 1,1 милијарда луѓе живеат под линијата на сиромаштијата во земјите во развој. Појавата и сериозноста на сиромаштијата се поголеми во руралните области. Оваа ситуација настанува како резултат на ниските примања на надничари, малите фармери, фармери за сопствени потреби, малите закупци и исполичари, кои го сочинуваат мнозинството во руралниот сектор.

## ПРОЦЕНТ НА СИРОМАШТИЈА ВО РУРАЛНИТЕ И УРБАНИТЕ ОБЛАСТИ

СИРОМАШТИЈА          ЕКСТРЕМНА СИРОМАШТИЈА




% популација          % популација

Извор: МОТ, Женева, 1998

Општествено - економските, културните и факторите на животната средина влијаат врз здравјето и условите за живеење на фармерите и земјоделските работници. Средината во која руралните луѓе работат и живеат, нивниот стандард на живеење и нивната исхрана се исто толку важни за нивното здравје како и за услугите кои им се достапни. Во многу земји, руралната популација не учествува активно во креирањето на политиката и не е вклучена во донесувањето одлуки кои ги засегаат.

**Дали постојат различни категории на земјоделски работници?**

Една од специфичните карактеристики на земјоделскиот сектор е недостатокот на јасна разлика помеѓу различните категории на работници. Како последица на тоа, има голем број видови на работни односи и различни форми на учество на работна сила. Различните категории на работници исто така се разликуваат во рамките на секоја земја и во одредени случаи еден фармер може да припаѓа во повеќе од една категорија. На пример, во земјите во развој, многу ситносопственици ги дополнуваат своите примања со дневници кои ги заработуваат работејќи во големи комерцијални фарми за време на берба.

| | |
|---|---|
| **НЕНАДНИЧАРИ**<br>ФАРМЕРИ ОД<br>ГОЛЕМИ И СРЕДНИ РАЗМЕРИ | **НАДНИЧАРИ**<br>ПОСТОЈАНИ РАБОТНИЦИ |
| ФАРМЕРИ ОД МАЛИ РАЗМЕРИ | ПОСТОЈАНИ и СЕЗОНСКИ РАБОТНИЦИ |
| ФАРМЕРИ ЗА СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ | ФАРМЕРИ ЕМИГРАНТИ |
| НЕПЛАТЕНИ СЕМЕЈНИ РАБОТНИЦИ | РАБОТНИЦИ СО СКЛУЧЕН ДОГОВОР СО КООПЕРАНТ |
| КОЛЕКТИВНИ ФАРМЕРИ | **НЕФОРМАЛЕН СЕКТОР**<br>ДИВИ ФАРМЕРИ |
| ЗАКУПЦИ И ИСПОЛИЧАРИ | БЕЗИМОТНИ РАБОТНИЦИ |

Работните услови и работните односи многу се разликуваат за постојаните и непостојаните работници. Постојаните работници не само што добиваат работна сигурност, туку и релативно повисоки плати и подобро сместување, здравје и работни бенефиции. Меѓутоа, поголемиот дел од земјоделскиот труд кој се плаќа го извршуваат надничари, сезонски работници и привремени работници кои ги извршуваат најниско квалификуваните задачи во лоши работни услови. Голем дел од оваа работна сила често го вклучува целото семејство на работникот (вклучувајќи ги и децата и постарите).

Миграцијата на работната сила и сезонското вработување се премногу присутни во земјоделството. Ова движење на работната сила е многу значајно низ светот. Од каде и да доаѓаат, емигрантите се секогаш загрозени во смисла на плата, социјална заштита, сместување и медицинска заштита. Мигрирањето на младите мажи во град значи дека земјоделската работа сè повеќе се остава на жените и децата.

Жените сега претставуваат повеќе од 40% од вкупната земјоделска работна сила и доста распространета е и детската работна сила. Жените главно се ангажирани со непостојани работи на фарми од големи и мали размери, но ова не значи дека тие ги намалуваат своите домашни активности. Руралните жени имаат двојна улога како работници и како домаќинки.

**Како тие работат?**

Нееднаквостите во економскиот развој на различни земји или региони во рамките на истата земја, придонеле за коегзистенција на два главни земјоделски сектори. Првиот се карактеризира со ниско квалификувано земјоделство за сопствени потреби, каде што голем дел од руралната популација работи; додека вториот сектор вклучува квалификувани фармери ориентирани кон пазарот и земјоделски надничари, кои користат високо автоматизирани производствени процеси и како последица на тоа, постигнуваат висока продуктивност со релативно малку работници. Исто така постои широк избор на шеми на сопственост на земја и методи на култивација.

| **ВИД НА ФАРМА** | **ТЕХНИКА НА ПРОИЗВОДСТВО** |
|---|---|
| МИКРО-ФАРМИ<br>Многу ограничена област | Земјоделство за сопствени потреби |
| МАЛИ-ФАРМИ<br>Под 10 Ха | Традиционални методи<br>Одгледување на ситен добиток<br>Мал вишок кој може да се продава на локален пазар |
| СРЕДНИ ФАРМИ<br>10 до 50 Ха | Традиционални методи и полу-моторизирано земјоделство<br>Одгледување на ситен добиток<br>Производство кое може да се продава на национални и меѓународни пазари |
| ГОЛЕМИ ФАРМИ<br>50 до 500 Ха | Напредно моторизирано земјоделство со голема употреба на хемикалии<br>Интензивно и екстензивно индустриско земјоделство<br>Одгледување на добиток<br>Производство кое може да се продава на национални и меѓународни пазари |
| ПОГОЛЕМИ ФАРМИ<br>Над 500 Ха | Напредно моторизирано земјоделство со голема употреба на хемикалии<br>Интензивно и екстензивно индустриско земјоделство<br>Одгледување на крупен добиток |

| | |
|---|---|
| | Производство кое може да се продава на национални и меѓународни пазари |

Земјоделската работа вклучува повеќе задачи и повеќе локации, на дневна и на сезонска основа. Некои специфични карактеристики на земјоделската работа кои ги одредуваат работните услови се:

• фактот дека повеќето задачи се извршуваат на отворено, изложувајќи ги работниците на климатски услови;
• сезонската природа на работата и итноста на одредени задачи во одредени периоди;
• разновидноста на задачите кои треба да се извршат од страна на истото лице;
• видот на држење на телото при работа и должината на задачите кои се извршуваат;
• контактот со животни и растенија, со што работниците се изложуваат на убоди, труења, инфекции, паразитски заболувања, алергии и други здравствени проблеми;
• употребата на хемикалии и биолошки производи;
• значителната оддалеченост помеѓу местото на живеење и работното место на работниците.

**Дали има детска работна сила во земјоделството?**

Според најновите проценки на МОТ, најмалку 250 милиони деца на возраст помеѓу 5 и 14 години работат во земјите во развој. Речиси половина од нив работат полно работно време. Стапките на учество на деца во економските активности се повисоки во руралните области отколку во урбаните центри. Руралните деца, особено девојчињата, започнуваат со работа на рана возраст. Во Латинска Америка и на Карибите, од вкупно 15 милиони деца инволвирани во пазарот на труд, 56 проценти работат во земјоделскиот сектор од возраст од 5 до 7 години па нагоре. Во некои земји, децата претставуваат 30% од земјоделската работна сила. Повеќето деца работат седум дена во неделата и се платени помалку од распространетите стапки во нивните локалитети. Тие работат долго и голем дел од овие деца се повредуваат на работното место. Изложеноста на лоши работни услови има сериозни последици врз растот, развојот и здравјето на децата. Највообичаените повреди вклучуваат: исекотини и рани, инфекции на очите, кожни проблеми, треска и главоболки предизвикани од прекумерната топлина или од изложеноста на пестициди за време на работењето во земјоделските полиња.

**Дали здравствените услуги се достапни на земјоделските работници?**

Здравствениот статус во руралните области е понизок отколку во урбаните центри во развиените земји како и во земјите во развој. Преселувањето на популацијата во градовите придонело за концентрација на здравствените услуги во големите урбани области, резултирајќи со неурамнотеженост во распределбата на здравствените ресурси на штета на руралниот сектор. Достапни се ограничени фондови, особено, во превентивната и примарната здравствена заштита, во оние области каде што

може повеќе да се влијае врз руралните популации. Малите рурални здравствени центри тешко може да го привлечат и задржат персоналот. Влошувањето на здравствениот статус во руралните области се зголемува постепено како што се зголемува и растојанието од урбаните центри. Бројот на смртни случаи исто така е поголем во руралните области.

Во земјите во развој, земјоделските работници може да живеат во екстремно примитивни услови, во области каде што не постојат патишта или пак тие се несоодветни и транспортот тешко се одвива. Поголемиот дел од руралната популација во земјите во развој има несоодветна исхрана и е изложен на општи и професионални заболувања. Големата распространетост на епидемични и ендемични заболувања во повеќето рурални области дополнително ја влошува лошата здравствена состојба и бедата на руралните работници. Голем број заболувања и здравствени нарушувања произлегуваат од лоша хигиена, несоодветно сместување, неисхранетост и различни видови на паразитски и бактериски инфекции кои ја заразуваат целата рурална популација. Во помалку развиените земји, предизвикот да се обезбеди здравје за целата рурална заедница е поголем, бидејќи традиционалните здравствени пристапи обезбедиле неколку ефикасни механизми за да дојдат до локалните заедници.

Тел: +41.22.799.67.15 Факс: +41.22.799.68.78
E-mail: safework@ilo.org, Веб страна: www.ilo.org/safework

# ПРОФЕСИОНАЛНИ ОПАСНОСТИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

**Дали земјоделската работа е опасна?**

Земјоделството е една од најопасните професии во светот. Во неколку земји стапката на смртоносни несреќи во земјоделството е двојно поголема од просекот за сите други индустрии. Според проценките на МОТ, работниците доживуваат 250 милиони несреќи годишно. Од вкупно 335.000 смртоносни несреќи при работа во светот, има околу 170.000 смртни случаи кај земјоделските работници.

Интензивната употреба на машини и на пестициди и други агрохемикалии го зголемува ризикот. Машините како на пример трактори и жнеалки се најчести и имаат највисоки стапки на смртност од повреди. Достапните податоци од земјите во развој покажуваат дека има пораст во стапката на несреќи во земјоделството. Таквите несреќи се случуваат главно кај емигрантите и дневните работници, како и кај жените и децата чиј број постојано се зголемува кај надничарската работа.

Изложеноста на пестициди и други земјоделски хемикалии претставува главен професионален ризик кој може да резултира со труење и смрт и, во одредени случаи, рак поврзан со работата и репродуктивни нарушувања.

**Кои се најчести ризици во земјоделството?**

Оние поврзани со:

• машини како на пример трактори, камиони и жнеалки, и алатки за сечење и продупчување;

• опасни хемикалии: пестициди, вештачко ѓубриво, антибиотици и други ветеринарни производи;

• токсични и алергенски агенси: растенија, цвеќиња, прав, животински отпад, ракавици (хром), масла;

• канцерогени супстанци или агенси: одредени пестициди како на пример арсеници и фенокси-оцетни хербициди, УВ радијација, паразитски заболувања како на пример билхарцијаза и фациолијаза;

• преносливи животински заболувања: бруцелоза, говедска туберкулоза, хидатидно заболување, туларемија, беснило, Лајмска болест, тенија, листериоза;

• други инфективни и паразитски заболувања: лајшманијаза, билхарцијаза, фациолијаза, маларија, тетанус, микоза;

• затворени простори како на пример, силоси, бунари, визби и резервоари;

• бучава и вибрации;

• ергономски опасности: употреба на несоодветна опрема и алатки, неприродна положба на телото или пролонгирани статични држења на телото, носење тежок товар, повторлива работа, прекумерно долги часови;

• екстремни температури заради временските услови;

• контакт со диви и отровни животни: инсекти, пајаци, скорпии, змии, некои диви цицачи.

**Колку знаеме за опасностите при работа во земјоделството?**

Официјални податоци за стапките на појавување на професионалните несреќи и заболувања се непрецизни и потценети, заради несоодветни и хетерогени системи за пријавување и известување. Згора на тоа, бидејќи само релативно малку несреќи се смртоносни и нивното известување задолжително, достапните информации за несреќи на работното место не ги рефлектираат многуте несмртоносни и мали повреди кои не се пријавуваат. Дури и кога една повреда на работното место е причина за смрт, овој факт често недостасува во изводот од матична книга на умрени. Во случајот на земјоделскиот сектор, недоволното пријавување е уште поочигледно. Во многу земји, системите за пријавување и надоместок може да го исклучат земјоделскиот сектор или одредени категории на земјоделски работници. Многу земји го групираат земјоделството заедно со други сектори како на пример лов, шумарство и риболов во нивните глобални проценки.

**СТАПКИ НА ПОВРЕДИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, ЛОВОТ, ШУМАРСТВОТО И РИБОЛОВОТ (ГОДИШНИК ЗА ТРУДОВА СТАТИСТИКА НА МОТ, 1999).[1]**

[1] Меѓународната канцеларија на трудот собира и објавува глобални цифри на несреќи и заболувања. Бидејќи тие се базираат на различни национални системи на пријавување и известување, само од ограничен број земји може да се добијат разумни и веродостојни податоци (т.е. од околу една третина од земјите членки на МОТ).




Проблемите со дијагнозата исто така водат до недоволно пријавување во поголемиот број на земји. Хроничните состојби поради бучава, вибрација и мала изложеност на прав или пестициди потешко може да се проценат заради нивните долготрајни ефекти и несигурни симптоми. Така, работниците се лишени од соодветен третман и соодветни превентивни мерки. Оваа ситуација станува особено сериозна со брзите технолошки промени во земјоделското производство и со зголемената употреба на опасни супстанци. Исто така се влошува и со слабата контрола која работниците ја имаат врз ритамот, содржината и организацијата на нивната работа и слабата примена на регулативите за безбедност и здравје во земјоделските опкружувања.

Следната табела ја покажува стапката на појавување на некои од главните професионални заболувања во земјоделството пријавени на национално ниво:

| **Професионални заболувања** | **Број на случаи** | **Стапка на појавување на 100.000** |
|---|---|---|

| | | работници |
|---|---|---|
| Артикуларни заболувања | 837 | 81,3 |
| Алергиска егзема | 59 | 5,7 |
| Респираторна алергија | 61 | 5,9 |
| Вибрации и нарушувања поврзани со шок | 22 | 2,1 |
| Лептоспироза | 15 | 1,5 |
| Бруцелоза | 22 | 2,1 |
| Оштетување предизвикано од бучава | 22 | 2,1 |
| Интоксикација со пестициди | 22 | 2,1 |
| Други професионални заболувања | 58 | 5,6 |
| ВКУПНО ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗАБОЛУВАЊА | 1158 | _ |

*Извор: MSA – Données chifrées. Le risque d'accident des salaries agricoles, 1976-1996* (Mutualité Sociale Agricole, Париз, Франција, 1997).

**Постојат ли други аспекти кои влијаат на здравјето на работниците во земјоделството?**

Покрај фактот дека одредени земји во развој достигнале повисоки нивоа на економски развој, исхраната и здравјето се сé уште проблематични области. Оваа ситуација создава магичен круг на ниска продуктивност, ниски плати, неисхранетост, лошо здравје и низок работен капацитет. Интеракцијата помеѓу лошите животни и работни услови одредува карактеристична шема морбидност-морталитет кај земјоделските работници, која е резултат на комбинацијата на неисхранетост, општи и професионални заболувања и компликации кои произлегуваат од недијагностицирани и нелекувани заболувања. Нискиот работен капацитет е поврзан со неисхранетоста и лошата здравствена состојба на работниците.

Заболувањата и несреќите предизвикани од земјоделската работа исто така зависат од голем број фактори, како на пример, клима, фауна, густина на популација, животни услови, ниво на образование, обука, технолошки развој, квалитет на услуги итн. Земјоделските работници зависат од општите стандарди на јавните здравствени услуги во руралните области каде што не е доволно обезбедувањето здравствена заштита, соодветното снабдување со вода и санитарните системи. Ниските стандарди на хигиена во станбените простори влијаат не само на малите фарми, туку исто така и на големите претпријатија кои на привремените работници

и на работниците емигранти им обезбедуваат сместување. На руралните заедници често им недостасува образование и информации за опасностите по здравјето со кои тие може да се соочат. Традиционалните здравствени пристапи имаат неколку ефикасни механизми за да ги достигнат руралните заедници.

# ЗАКОН ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

**Која е дефиницијата за земјоделство според националните закони за безбедност и здравје?**

Дефиницијата е често општа и непрецизна, и може да вклучи една или повеќе од следниве активности:
• обработување на почва, одгледување и жнеење;
• одгледување на добиток;
• одгледување на други животни (живина, пчеларство, вештачко одгледување на риби);
• производство на животински земјоделски производи;
• производство на семиња и растенија;
• работа на шумарскиот сектор и заштита на шумите;
• првична обработка на земјоделските производи.

**Како земјоделскиот сектор е опфатен со националниот закон за безбедност и здравје?**

Постои голема разновидност на пристапи во националниот закон. Само мал број на земји членки развиле сеопфатна група на стандарди применливи во земјоделството. Во повеќето случаи законите за работни односи може да не дадат специфични референци или пак да не се во целост применливи во земјоделскиот сектор.

***Националниот закон може да се групира под следниве наслови:***

• закони и регулативи за безбедност и здравје кои детално се однесуваат на земјоделството;
• закони и регулативи за безбедност и здравје кои не го исклучуваат земјоделството;
• закони и регулативи за безбедност и здравје кои индиректно или специфично го исклучуваат земјоделството или одредени категории на земјоделски работници;
• регулативи за безбедност и здравје, стандарди и кодекси на однесување кои ги определуваат мерките за безбедност и здравје поврзани со:
- мобилните машини за земјоделство и шумарство,
- пестициди и други агрохемикалии,
- листа на прифатени професионални заболувања во земјоделството,
- спречување несреќи во силоси и други затворени простори,
- лична заштитна опрема,
- специјални заштитни мерки за употреба на експлозиви,
- професионални медицински услуги во земјоделството,
- благосостојба, сместување и други објекти.

**Дали шемите за надоместок за професионалните повреди и заболувања важат за земјоделските работници?**

• повеќето земји членки го исклучуваат земјоделскиот сектор или одредени категории на земјоделски работници од нивните формални системи на надоместок (емигранти, привремени работници, самовработени);
• само некои земји членки обезбедуваат покривање во една национална осигурителна шема;
• само мал број на земји членки имаат специјална доброволна осигурителна шема за земјоделските работници;
• само во неколку земји членки системите за пријавување и известување редовно се применуваат во земјоделството;
• заради недоволното пријавување, достапните статистики за професионалните повреди и заболувања во земјоделството се недоволни во повеќето земји.

**Како се врши инспекција во земјоделството?**

• инспекција во земјоделството може да врши Министерството за труд или Министерството за здравје, во зависност од регулативите на земјата. Во повеќето случаи, тие имаат примарна одговорност за регулирање на употребата на пестициди и работните услови во земјоделските потфати;

• во некои случаи, законот предвидува Министерствата за животна средина и земјоделство и институциите за социјална помош да учествуваат во администрацијата и спроведувањето на законите кои се однесуваат на секторот. Честопати, оваа ситуација предизвикува преклопување на улогите помеѓу релевантните институции;
• трудовите инспекторати традиционално се ограничени на урбаните области. Кога не е таков случајот, има големи разлики во бројот на инспектори распределени меѓу урбаните и руралните области;
• недостатокот на ресурси за инспекција, во смисла на вештини, основна инфраструктура и средства за транспорт, сериозно ја ограничува ефикасноста на заштитните закони за работни односи во руралните области.

**Како да се надминат ограничувањата при спроведување?**

Неопходен е соодветен систем за инспекција за да се прошират инспекциските служби кон земјоделскиот сектор на соодветен начин. Треба да се земат во предвид националните приоритети и финансиски ограничувања во контекст на трудови административни реформи и политики за рурален развој. Службите за проширување и други тела би можеле да ги поддржат активностите на спроведување на локално и општинско ниво. Треба да се промовираат доброволни иницијативи за безбедност и здравје на организациите на работодавачи и работници.

Конвенцијата на МОТ бр. 129, за трудова инспекција (во земјоделство) предвидува различни начини на кои може да се врши трудова инспекција во земјоделството:
• една трудова служба одговорна за сите сектори на економска активност;
• една трудова служба, која ќе се организира за внатрешна специјализација или преку:
- соодветна обука на инспекторите во земјоделството, или
- формирање на единица, технички квалификувана за земјоделството;
• служба за трудова инспекција специјализирана за земјоделство, која поднесува пријави до централното тело одговорно за координирање на трудовата инспекција;
• служба за трудова инспекција потпомогната за одредени инспекциски функции на регионални или локални нивоа од страна на соодветни владини служби или јавни институции.

**За дополнителни информации контактирајте на**
**Безбедна Работа, Програма за безбедност, здравје и животна средина, Оддел за заштита на трудот**
**Меѓународна канцеларија на трудот –** 4, route de Morillons – CH-1211 Женева 22 Швајцарија
Тел: +41.22.799.67.15 Факс: +41.22.799.68.78
E-mail: safework@ilo.org, Веб страна: www.ilo.org/safework

# ЖЕНИТЕ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

## Колку се важни жените за земјоделското производство?

Економската интеграција силно се поврзува со зголеменото вработување на жените во платениот, неземјоделски труд. И покрај тоа, денес, повеќе од половина од сите жени придонесуваат за производството на храна и за домашно производство и за продажба. Жените претставуваат речиси половина од светската земјоделска работна сила. Тие претставуваат 47% во Африка, 17% во Латинска Америка и Карибите и 44% од регионалната земјоделска работна сила во Азија. Сепак, улогата на жените во земјоделското производство традиционално е потценета и се нагласуваат родови нееднаквости во овој сектор. Во земјите во развој, поголемиот дел од жените работници во земјоделството се во земјоделството за сопствени потреби, самовработени или работат како неплатени членови на семејството. Покрај нивната продуктивна работа, тие имаат примарна одговорност за домашни работи како на пример, чистење, готвење, грижење за децата, болните и постарите, носење вода и дрва за домаќинство. Тие исто така се ангажирани во други активности кои носат приходи за да придонесат за семејната егзистенција.

## Дали е сменета нивната традиционална улога?

Заради миграцијата на младите мажи во урбаните центри, надничарската земјоделска работа сé повеќе се остава на жените и голем процент на руралните домаќинства се управувани од жени, особено во Супсахарска Африка и Јужна и Западна Азија. Новите можности за вработување создадени со пазарната либерализација во земјите во развој исто така ги преместиле жените од постојаното земјоделско вработување во сезонско вработување во професии кои се слабо платени, а кои бараат интензивна рачна работа во областите на земјоделскиот извоз. Вработувањето на жените во земјоделството ориентирано кон извоз во земјите во развој во повеќето случаи вклучува професии со слаб квалитет и нивните просечни заработувачки се помали од оние на мажите. Негативните фактори, како на пример политичката послушност, се чинат дека се зад приоритетната побарувачка за женска работна сила. Правила во овој вид на работа се долги часови работа, пренатрупани живеалишта, екстремно строго надгледување и долг пат до работа.

Одгледувањето на нетрадиционалните култури за извоз исто така обезбедило професии кои се слабо платени кои го надополнуваат приходот на фармерите од мали размери. Голем дел од оваа работна сила често ја вклучува целата фамилија на работникот (вклучувајќи ги децата и постарите). Жените често ги земаат децата со нив во полињата, со што се изложуваат себе си и децата на опасности. Со воведувањето на нетрадиционални култури во земјоделството од мали размери, било откриено дека мажите ја делат работата со жените, но не и профитот од продажбите. Ова веројатно има непропорционално влијание врз жените бидејќи тие традиционално се производители и трговци на храната за локалниот пазар.

**Кое е влијанието на работните услови врз здравјето на жените?**

Жените во земјоделството, како и многу други рурални работници, имаат висок степен на појавување на повреди и заболувања и здравствените служби недоволно им помагаат. Повеќето од нив речиси се без образование, обука или пристап до информации за ризиците кои се вклучени во нивната работа.

Изложеноста на лошите работни услови има сериозна последица врз бременоста и може да ги влошат патологиите предизвикани од старост. Ризикот од пометнување, предвремено раѓање и спонтан абортус директно е поврзан со микроклимите во стаклениците и со изложеноста на пестициди. Тешката работа често се јавува за време на одгледување на култури и за време на берба. Некои студии покажуваат дека традиционалните „женски“ задачи, како на пример, сеење, собирање и чистење, подразбираат значително работно оптоварување, особено бидејќи тие не користат механички средства за помош во текот на наводнувањето, избраздувањето и обработувањето на земјата. Кога таквите задачи вклучуваат управување со машини, тие традиционално се вршат од страна на машки работници.

Носењето товари е една од главните домашни работи на руралните жени работници во земјите во развој. Тие може да поминат над 20 часа неделно во одење собирајќи вода, дрва за греење, облека за перење и добиток, одгледувајќи и продавајќи стока и носејќи тежина од повеќе од 35 кг на нивните глави и грбови на значителни растојанија. Носењето на тешки товари може да предизвика сериозни мускуло-

скелетни заболувања, како на пример хронична болка во грбот, болка во градите и пометнувања.

**За дополнителни информации контактирајте на**
**Безбедна Работа, Програма за безбедност, здравје и животна средина, Оддел за заштита на трудот**
**Меѓународна канцеларија на трудот –** 4, route de Morillons – CH-1211 Женева 22 Швајцарија
Тел: +41.22.799.67.15 Факс: +41.22.799.68.78
E-mail: safework@ilo.org, Веб страна: www.ilo.org/safework

# ПРОГРАМА НА МОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Во денешно време, половина од светската работна сила е вработена во земјоделскиот сектор со проценети 1,3 милијарда работници кои се активни во земјоделското производство во светот. Поголемиот дел од земјоделските работници е во земјите во развој. Голем дел од нив се фармери од мали размери. Тие се почесто се жртви а не корисници на зелената револуција, технолошкиот развој и трендовите на глобализација кои го карактеризираа 20-от век.

Земјоделството е еден од трите најопасни сектори на дејствување, во индустријализираните земји и земјите во развој. Според проценките на Меѓународната организација на трудот (МОТ), околу 170.000 земјоделски работници умираат секоја година. Ова значи дека работниците во земјоделството имаат барем двојно поголем ризик од смрт на работното место во споредба со работниците во другите сектори. Стапките на смртност во земјоделството останаа високи во последната деценија во споредба со други сектори, каде стапките на смртоносни несреќи се намалиле. Милиони земјоделски работници сериозно се повредуваат во несреќи на работното место со земјоделски машини или се трујат со пестициди и други агрохемикалии. Згора на тоа, поради распространетото недоволно пријавување на смртни случаи, повреди и професионални заболувања во

земјоделството, реалната слика за здравјето и безбедноста при работа на фармерските работници веројатно ќе биде полоша од она што го покажуваат официјалните статистики.

Иако условите многу се разликуваат од една до друга земја, во повеќето земји само некои категории на земјоделски работници се опфатени со националниот закон, шемите за бенефиции или осигурување при повреда на работното место. Така, голем број на земјоделски работници се лишени од секаква форма на социјална заштита. Кога постојат национални регулативи, тие често повремено се применуваат. Ефикасното спроведување е слабо поради недоволна трудова инспекција, недостаток на разбирање и обука на работодавците и работниците во врска со опасностите и нивната превенција и ниските нивоа на организација помеѓу земјоделските работници.

Со цел да се гарантира витален земјоделски развој во новиот милениум, руралните работници и нивните фамилии треба да имаат пристап до соодветни работни и животни услови, здравствена заштита и социјална помош. Соодветниот биланс помеѓу земјоделскиот пораст и заштитата на средината е исто така многу важен за иднината на производството на храна во светот и за неговата одржливост. Здравјето при работа во земјоделството мора да се интегрира во политика за рурален развој со добро дефинирана стратегија. Треба да нагласи дека превенцијата и заштитата на средината треба да бидат во согласност со тековните трендови и дека треба да се разгледаат на национални и меѓународни нивоа.

**Нови стандарди за безбедност и здравје во земјоделството**

Иако надничарите во земјоделството се заштитени со Конвенцијата за плантажи, 1958 (Бр. 110) и земјоделството е опфатено во Конвенцијата за безбедност и здравје при работа, 1981 (Бр. 155), не постои детален меѓународен стандард кој ги обработува проблемите во врска со безбедноста и здравјето во земјоделството. Затоа Управниот орган одлучи, на својата 271-ва седница (март 1998), да стави точка за оваа тема на агендата на 88-та седница (2000) на Меѓународната конференција на трудот. Оваа точка ќе се разгледа според процедурата со двојна дискусија предвидена во член 39 од утврдениот дневен ред на Конференцијата.

Канцеларијата подготви два извештаи кои ќе служат како основа за првата дискусија. Прелиминарниот извештај (Безбедност и здравје во земјоделството, Извештај VI(1), Меѓународна конференција на трудот, 88ма седница, 2000) бил придружен со прашалник на кој се побарало Владите да дадат одговор, изнесувајќи ги причините за нивните одговори. Овие одговори биле сумирани во вториот Извештај VI(2) кој исто така укажува на главните точки кои Конференцијата можеби ќе сака да ги разгледа. Овие нови меѓународни стандарди имаат за цел да придонесат за да се постави рамката во која може да се развиваат политиките за безбедност и здравје при работа во земјоделството.

**Техничка соработка: Проектот за безбедност и здравје во земјоделството на Централна Америка при МОТ.**

Проектот за безбедност и здравје при работа во земјоделството за техничка соработка на Централна Америка бил развиен од 1993 до 1998. Овој проект составил и тестирал модел на стратегија за развојни национални политики за безбедност и здравје при работа во земјоделството во земјите во развој, со цел да го насочи понатамошното дејство на МОТ во оваа област.

Целните корисници на проектот биле земјоделските работници и нивните фамилии (жени и деца) вклучувајќи ги и привремени работници. Посебно внимание се посветило на активното учество на руралните жени во проектот. Дел од нив биле обучени како едукатори и активно учествувале во подигнувањето на свеста и обуката на други земјоделски работници.

Стратегијата на проектот била насочена кон имплементацијата на национална политика за подобрување на работните и животните услови на руралните работници и превенција на професионалните несреќи и заболувањата во земјоделството. Ги имала следниве главни компоненти: законодавна рамка вклучувајќи го и ажурирањето на законот за безбедност и здравје при работа; национална политика за безбедност и здравје при работа за секторот; систем на класификација на агрохемикалии; превентивен систем за надгледување на здравјето; градење на националните капацитети и механизми за поддршка со цел да се имплементира програмата; мрежа на информации и обука за безбедност и здравје при работа и пристап за заштита на средината кон витално земјоделство. Стекнатото искуство придонело за развојот на неколку алатки за обука, инструкции за стратегија и модели на регулативи кои се користат за активностите за техничка соработка. Таквиот модел понатаму ќе се развива преку промовирање на Меѓународна програма за безбедност и здравје во земјоделството во рамките на програмата “Безбедна работа”. Влијанието и видливоста на Програмата за земјоделство на МОТ ќе бидат подобрени преку комбинирање на поставеност на стандарди, промоција на безбедноста и здравјето, размена на информации и градење на капацитети.

**За дополнителни информации контактирајте на**
**Безбедна Работа, Програма за безбедност, здравје и животна средина, Оддел за заштита на трудот**
**Меѓународна канцеларија на трудот –** 4, route de Morillons – CH-1211 Женева 22 Швајцарија
Тел: +41.22.799.67.15 Факс: +41.22.799.68.78
E-mail: safework@ilo.org, Веб страна: www.ilo.org/safework

# КОНВЕНЦИИ И ПРЕПОРАКИ НА МОТ КОИ СЕ ОД ДИРЕКТНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТА И ЗДРАВЈЕТО ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО УСВОЕНИ ОД 1919

1. Конвенција за плантажи, 1958 (Бр. 110) и нејзината придружна Препорака (Бр. 110).
2. Конвенција за чување на опремата, 1963 (Бр. 119) и нејзината придружна Препорака (Бр. 118).
3. Конвенција за бенефиции поради повреда при работа, 1964 (Бр. 121) и нејзината придружна Препорака (Бр. 121) [Распоред I изменет и дополнет во 1980].
4. Конвенција за максимална тежина, 1967 (Бр. 127) и нејзината придружна Препорака (Бр. 128).
5. Конвенција за трудова инспекција, 1969 (Бр. 129) и нејзината придружна Препорака (Бр. 133).
6. Конвенција за минимална возраст при вработување, 1973 (Бр. 138) и нејзината придружна Препорака (Бр. 146).
7. Конвенција за изложеност на канцерогени супстанции на работното место, 1974 (Бр. 139) и нејзината придружна Препорака (Бр. 147).
8. Конвенција за работна средина (загадување на воздух, бучава и вибрации), 1977 (Бр. 148) и нејзината придружна Препорака (Бр. 156).

9. Конвенција за безбедност и здравје при работа, 1981 (Бр. 155) и нејзината придружна Препорака (Бр. 164).
10. Конвенција за служби за заштита на здравје при работа, 1985 (Бр. 161) и нејзината придружна Препорака (Бр. 171).
11. Конвенција за безбедност во градежништвото, 1988 (Бр. 167) и нејзината придружна Препорака (Бр. 175).
12. Конвенција за хемикалии, 1990 (Бр. 170) и нејзината придружна Препорака (Бр. 177).

**Ратификации на Конвенциите на МОТ кои се од директно значење за безбедноста и здравјето при работа во земјоделството**

| Конвенција | Земји кои ја ратификувале Конвенцијата (до март 2000) | Број на ратификации |
|---|---|---|
| C.110 Конвенција за плантажи, 1958 | Бразил; Брегот на Слоновата Коска; Куба; Еквадор; Гватемала; Либерија; Мексико; Никарагва; Панама; Филипини; Шри Ланка; Уругвај. | 12 |
| C.119 Конвенција за чување на опремата, 1963 | Алжир; Азербејџан; Белорусија; Босна и Херцеговина; Бразил; Централноафриканска Република; Конго; Хрватска; Кипар; Демократска Република Конго; Данска; Доминиканска Република; Еквадор; Финска; Гана; Гватемала; Гвинеја; Ирак; Италија; Јапонија; Јордан; Кувајт; Киргистан; Латвија; Мадагаскар; Малезија; Малта; Мароко; Никарагва; Нигер; Норвешка; Панама; Парагвај; Полска; Руска Федерација; Сан Марино; Сиера Леоне; Словенија; Шпанија; Шведска; Швајцарија; Сириска Арапска Република; Таџикистан; Република Македонија; Тунис; Турција; Украина; Уругвај; Југославија. | 49 |
| C.121 Конвенција за бенефиции поради повреда при работа, 1964 [Распоред I изменет и дополнет во 1980]. | Белгија; Боливија; Босна и Херцеговина; Чиле; Хрватска; Кипар; Демократска Република на Конго; Еквадор; Финска; Германија; Гвинеја; Ирска; Јапонија; Либија; Луксембург; Холандија: Сенегал: Словенија; Шведска; Република Македонија; Уругвај; Венецуела; Југославија. | 23 |

| **Конвенција** | **Земји кои ја ратификувале Конвенцијата (до март 2000)** | **Број на ратификации** |
|---|---|---|
| С.127 Конвенција за максимална тежина, 1967 | Алжир; Бразил; Бугарија; Чиле; Коста Рика; Еквадор; Франција; Гватемала; Унгарија; Италија; Либан; Литванија; Мадагаскар; Малта; Молдавија; Никарагва; Панама; Полска; Португалија: Романија; Шпанија: Тајланд; Тунис; Турција; Венецуела. | 25 |
| С.129 Конвенција за трудова инспекција (земјоделство), 1969 | Аргентина; Белгија; Боливија; Босна и Херцеговина; Буркина Фасо; Колумбија; Костарика; Брегот на Слоновата Коска; Хрватска; Данска; Ел Салвадор; Финска; Франција; Германија; Гватемала; Гвајана; Унгарија; Италија; Кенија; Латвија; Мадагаскар; Малави; Малта; Молдавија; Мароко; Холандија; Норвешка; Полска; Португалија; Романија; Словенија; Шпанија; Шведска; Сириска Арапска Република; Република Македонија; Уругвај; Југославија; Зимбабве. | 38 |
| С.138 Конвенција за минимална возраст при вработување, 1973 | Албанија; Алжир; Антигва и Барбуда; Аргентина; Азербејџан; Барбадос; белорусија; Белгија; Боливија; Босна и Херцеговина; Боцвана; Бугарија: Буркина Фасо; Камбоџа; Чиле; Кина: Конго; Костарика; Хрватска; Куба: Кипар; Данска; Доминика; Доминиканска Република; Египет; Ел Салвадор; Екваторска Гвинеја; Етиопија; Финска; Франција; Грузија; Германија; Грција: Гватемала; Гвајана; Хондурас; Унгарија; Исланд; Индонезија; Ирак; Ирска; Израел; Италија; Јордан; Кенија; Кореа; Република Кувајт; Киргистан; Литванија; Либија; Луксембург; Малезија; Малта; Мароко; Маврициус; Непал; Холандија; Никарагва; Нигерија; Норвешка; Филипини; Полска; Португалија; Романија; Руска Федерација: Руанда; Сан | 85 |

| | | |
|---|---|---|
| | Марино;Словачка; Словенија; Сенегал; Шпанија; Шведска; Швајцарија; Таџикистан; Република Македонија; Танзанија; Того; Тунис; Турција; Украина; Обединети Арапски Емирати; Уругвај; Венецуела; Југославија; Замбија. | |
| С.139 Конвенција за изложеност на канцерогени супстанции на работното место, 1974 | Авганистан; Аргентина; Белгија; Босна и Херцеговина; Бразил; Хрватска; Чешка Република; Данска; Еквадор; Египет; Финска; Франција; Германија; Гвинеја; Гвајана; Унгарија; Исланд; Ирак; Ирска; Италија; Јапонија; Никарагва; Норвешка; Перу; Португалија: Словачка; Словенија; Шведска; Швајцарија; Сириска Арапска Република; Република Македонија; Уругвај; Венецуела; Југославија. | 34 |
| С.148 Конвенција за работна средина (загадување на воздух, бучава и вибрации), 1977 | Азербејџан; Белгија; Босна и Херцеговина; Бразил; Костарика; Хрватска; Куба; Чешка Република; Данска; Еквадор; Египет; Финска; Франција; Германија; Гана; Гватемала; Гвинеја; Унгарија; Ирак; Италија; Казакстан; Киргистан; Латвија; Малта; Нигерија; Норвешка; Португалија; Руска Федерација; Сан Марино; Сејшели; Словачка; Словенија; Шпанија; Шведска; Таџикистан; Обединета Република Танзанија; Република Македонија; Обединето Кралство; Уругвај; Југославија; Замбија. | 41 |
| С.155 Конвенција за безбедност и здравје при работа, 1981 | Босна и Херцеговина; Белизе; Бразил; Хрватска; Куба; Кипар; Чешка Република; Данска; Етиопија; Финска; Унгарија; Исланд; Ирска; Казакстан; Латвија; Мексико; Монголија; Холандија; Нигерија; Норвешка; Португалија; Руска Федерација; Словачка; Словенија; Шпанија; Шведска; Република Македонија; Уругвај; Венецуела; Виетнам; Југославија. | 31 |

| | | |
|---|---|---|
| C.161 Конвенција за служби за заштита на здравје при работа, 1985 | Босна и Херцеговина; Бенин; Бразил; Буркина Фасо; Чиле; Хрватска; Чешка Република; Финска; Германија; Гватемала; Унгарија; Мексико; Сан Марино; Словачка; Словенија; Шведска; Република Македонија; Уругвај; Југославија. | 19 |
| C.167 Конвенција за безбедност во градежништвото, 1988 | Колумбија; Чешка Република; Данска; Доминиканска Република; Финска; Германија; Гватемала; Унгарија; Ирак; Лесото; Мексико; Норвешка; Словачка; Шведска; | 14 |
| C.170 Конвенција за хемикалии, 1990 | Бразил; Буркина Фасо; Кина; Колумбија; Норвешка; Шведска; Обединета Република Танзанија; Зимбабве. | 9 |

# ДРУГИ ПОСТОЕЧКИ КОНВЕНЦИИ И ПРЕПОРАКИ НА МОТ КОИ СЕ ВАЖНИ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО УСВОЕНИ ОД 1919

1. Конвенција за правото на здружување (во земјоделството), 1921 (Бр. 11).
2. Конвенција за надоместок на работниците (во земјоделството), 1921 (Бр. 12).
3. Препорака за невработеност (во земјоделството), 1921 (Бр. 11).
4. Препорака за животни услови (во земјоделството), 1921 (Бр. 16).
5. Препорака за социјално осигурување (во земјоделството), 1921 (Бр. 17).
6. Конвенција (ревидирана) за миграција за вработување, 1949 (Бр. 97) и нејзината придружна Препорака (ревидирана) (Бр. 86).
7. Конвенција за механизам за одредување на минимална плата (во земјоделството), 1951 (Бр. 99) и нејзината придружна препорака (Бр. 89).
8. Конвенција за платени одмори (во земјоделството), 1952 (Бр. 101) и нејзината придружна препорака (Бр. 93).
9. Конвенција (ревидирана) за заштита на мајчинството, 1952 (Бр. 103) и нејзината придружна Препорака (Бр. 95).
10. Препорака за заштита на работници емигранти (неразвиени земји), 1955 (Бр. 100).
11. Препорака за кооперативи (земји во развој), 1966 (Бр. 127).
12. Препорака за закупци и исполичари, 1968 (Бр. 132).

13. Конвенција за надоместоци за медицинска нега и болест, 1969 (Бр. 130) и нејзината придружна Препорака (Бр. 134).
14. Конвенција за организации на рурални работници, 1975 (Бр. 141) и нејзината придружна Препорака (Бр. 149).
15. Конвенција за развој на човечките ресурси, 1975 (Бр. 142) и нејзината придружна Препорака (Бр. 150).
16. Конвенција за трудова статистика, 1985 (Бр. 160) и нејзината придружна Препорака (Бр. 170).
17. Конвенција за локални и племенски народи, 1989 (Бр. 169).

**Ратификации на конвенциите на МОТ кои се важни за земјоделството**

| Конвенција | Земји кои ја ратификувале Конвенцијата (до март 2000) | Број на ратификации |
|---|---|---|
| C.11 Конвенција за правото на здружување (во земјоделството), 1921 | Албанија; Алжир; Антигва и Барбуда; Аргентина; Австралија; Австрија; Азербејџан; Бахами; Бангладеш; Барбадос; Белорусија; Белгија; Белизе; Бенин; Босна и Херцеговина; Бразил; Бугарија; Буркина Фасо; Бурунди; Камерун; Централноафриканска Република; Чад; Чиле; Кина; Колумбија; Комори; Конго; Костарика; Брегот на Слоновата Коска; Хрватска; Куба; Кипар; Чешка Република; Демократска Република на Конго; Данска; Џибути; Доминика; Еквадор; Египет; Естонија; Етиопија; Фиџи; Финска; Франција; Габон; Германија; Гана; Грција; Гренада; Гватемала; Гвинеја; Гвајана; Исланд; Индија; Ирак; Ирска; Италија; Јамајка; Кенија; Киргистан; Латвија; Лесото; Литванија; Луксембург; Мадагаскар; Малави; Малезија; Мали; Малта; Мавританија; Маврициус; Мексико; Мароко; Мозамбик; Мјанмар; Холандија; Нов Зеланд; Никарагва; Нигер; Нигерија; Норвешка; Пакистан; Панама; Папуа Нова Гвинеја; Парагвај; Перу; Полска; Португалија; Романија; Руска Федерација; Руанда; Света Луција; Свети Винсент и Гренадините; | 119 |

| | | |
|---|---|---|
| | Сенегал; Сејшели; Сингапур; Словачка; Словенија; Соломонски Острови; Шпанија; Шри Ланка; Суринам; Свазиленд; Швајцарија; Шведска; Сириска Арапска Република; Таџикистан; Обединета Република Танзанија; Република Македонија; Того; Тунис; Турција; Уганда; Украина; Обединето Кралство; Уругвај; Венецуела; Југославија; Замбија. | |
| С.12 Конвенција за надоместок на работниците (во земјоделството), 1921 | Ангола; Антигва и Барбуда; Аргентина; Австралија; Австрија; Бахами; Барбадос; Белгија; Белизе; Босна и Херцеговина; Бразил; Бугарија; Бурунди; Чиле; Колумбија; Комори; Хрватска; Куба; Чешка Република; Демократска Република на Конго; Данска; Џибути; Доминика; ЕлСалвадор; Естонија: Фиџи; Финска; Габон; Германија; Гренада; Гвинеја-Бисау; Гвајана; Хаити; Унгарија; Ирска; Италија; Кенија; Латвија; Луксембург; Мадагаскар; Малави; Малезија; Малта; Маврициус; Мексико; Мароко; Холандија; Нов Зеланд; Никарагва; Норвешка; Панама; Папуа Нова Гвинеја; Перу; Полска; Португалија; Руанда; Света Луција; Свети Винсент и Гренадините; Сенегал; Сингапур; Словачка; Словенија; Соломонски Острови; Шпанија; Свазиленд; Шведска; Обединета Република Танзанија; Република Македонија; Тунис; Уганда; Обединето Кралство; Југославија; Замбија. | 74 |
| С.97 Конвенција (ревидирана) за миграција за вработување, 1949 | Алжир; Бахами; Барбадос; Белгија; Белизе; Босна и Херцеговина; Бразил; Буркина Фасо; Камерун; Куба; Кипар; Доминика; Еквадор; Франција; Германија; Гренада; Гватемала; Гвајана; Израел; Италија; Јамајка; Кенија; Малави; Малезија; Маврициус; Холандија; Нов Зеланд; | 41 |

| | | |
|---|---|---|
| | Нигерија; Норвешка; Португалија; Свети Луција; Словенија; Шпанија; Танзанија (Занзибар); Република Македонија; Тринидад и Тобаго; Обединето Кралство;Уругвај; Венецуела; Југославија; Замбија. | |
| C.99 Конвенција за механизам за одредување на минимална плата (во земјоделството), 1951 | Алжир; Австралија; Австрија; Белгија; Белизе; Бразил; Камерун; Централноафриканска Република; Колумбија; Комори; Костарика; Брегот на Слоновата Коска; Куба: Чешка Република; Џибути; Ел Салвадор; Франција; Габон; Германија; Гренада; Гватемала; Гвинеја; Унгарија: Ирска; Италија; Кенија; Малави; Малта; Маврициус; Мексико; Мароко; Холандија; Нов Зеланд; Папуа Нова Гвинеја; Парагвај; Перу; Филипини; Полска; Сенегал; Сејшели; Сиера Леоне; Словачка; Шпанија; Шри Ланка; Свазиленд; Сириска Арапска Република; Тунис; Турција; Уругвај; Замбија; Зимбабве. | 51 |
| C.101 Конвенција за платени одмори (во земјоделството), 1952 | Алжир; Антигва и Барбуда; Австрија; Барбадос; Белгија; Белизе; Бурунди; Централноафриканска Република; Колумбија; Комори; Коста Рика; Куба; Џибути; Еквадор; Египет; Франција; Габон; Гватемала; Израел; Мавританија; Мароко; Холандија; Нов Зеланд; Парагвај; Перу; Полска; Света Луција; Свети Винсент и Гренадините; Сенегал; Сиера Леоне; Шпанија; Суринам; Свазиленд; Сириска Арапска Република; Танзанија (Танганика). | 35 |
| C.103 Конвенција (ревидирана) за заштита на мајчинството, 1952 | Австрија; Азербејџан; Белорусија; Боливија; Босна и Херцеговина; Бразил; Чиле; Хрватска; Куба; Еквадор; Екваторска Гвинеја; Гана; Грција; Гватемала; Унгарија: Италија; Киргистан; Либија; Луксембург; Молдавија: Монголија; Холандија; Полска; Португалија; Руска | 36 |

| | | |
|---|---|---|
| | Федерација; Сан Марино; Словенија; Шпанија; Шри Ланка; Таџикистан; Бивша Југословенска Република Македонија; Украина; Уругвај; Узбекистан; Југославија; Замбија. | |
| С.130 Конвенција за надоместоци за медицинска нега и болест, 1969 | Боливија; Чешка Република; Костарика; Данска; Еквадор; Финска; Германија; Либија; Луксембург; Норвешка; Словачка; Шведска; Уругвај; Венецуела. | 14 |
| С.141 Конвенција за организации на рурални работници, | Авганистан; Австрија; Белизе; Бразил; Буркина Фасо; Коста Рика; Куба; Кипар; Данска; Еквадор; Ел Салвадор; Финска; Франција; Германија; Грција; Гватемала; Гвајана; Унгарија; Индија; Израел; Италија; Кенија; Мали; Малта; Мексико; Холандија; Никарагва; Норвешка; Филипини; Полска; Шпанија; Шведска; Швајцарија; Обединето Кралство; Уругвај; Венецуела; Замбија. | 37 |
| С.142 Конвенција за развој на човечките ресурси, 1975 | Авганистан; Алжир; Аргентина; Австралија; Австрија; Азербејџан; Белорусија; Босна и Херцеговина; Бразил; Куба; Кипар; Чешка Република; Данска; Еквадор; Египет; Ел Салвадор; Финска; Франција; Грузија; Германија; Грција; Гвинеја; Гвајана; Унгарија; Ирак; Ирска; Израел; Италија; Јапонија; Јордан; Кенија; Република Кореја; Киргистан; Латвија; Литванија; Мексико; Холандија; Никарагва; Нигер; Норвешка; Полска; Португалија; Руска Федерација; Сан Марино; Словачка; Словенија; Шпанија; Шведска; Швајцарија; Таџикистан; Обединета Република Танзанија; Република Македонија; Тунис; Турција; Украина; Обединето Кралство; Венецуела; Југославија. | 58 |
| С.160 Конвенција за трудова статистика, 1985 | Австралија; Австрија; Азербејџан; Белорусија; Боливија; Бразил; Канада; Колумбија; Кипар; Чешка | 42 |

| | | |
|---|---|---|
| | Република; Данска; Ел Салвадор; Финска; Германија; Грција; Гватемала; Индија; Ирска; Италија; Република Кореја; Киргистан; Латвија; Литванија; Маврициус; Мексико; Холандија; Норвешка; Панама; Полска; Португалија; Руска Федерација; Сан Марино; Словачка; Шпанија; Шри Ланка; Свазиленд; Шведска; Швајцарија; Таџикистан; Украина; Обединето Кралство; Соединетите Држави. | |
| C.169 Конвенција за локални и племенски народи, 1989 | Боливија; Колумбија; Костарика; Данска; Еквадор; Фиџи; Гватемала; Хондурас; Мексико; Холандија; Норвешка; Парагвај; Перу. | 13 |

# НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

**Основа на знаење**

Со новите трендови на глобализација, стандардите за квалитетно управување и стандардите за квалитетни производи индиректно вклучуваат подобрувања на работните услови. Работните услови во земјоделството може значително да се подобрат на изводлив и рентабилен начин преку мерки за безбедност и здравје. Инвестирањето во безбедноста и здравјето при работа исто така обезбедува поголема работна продуктивност и поздрави работни односи. Усвојувањето на соодветна трудова легислатива и мерки за социјална заштита претставуваат голем чекор во таа насока.

Со цел да се постигне одржлив земјоделски раст, треба да се подигне продуктивноста на работната сила. Ова може да се постигне со тоа што на земјоделските работници и нивните семејства ќе им се обезбедат средства со кои ќе ги задоволат своите основни потреби, соодветни работни и животни услови, како и заштита на нивното здравје и благосостојба и промовирање на заштита на средината во која тие работат и живеат.

На прашањето за безбедноста и здравјето при работа во земјоделството треба да му се пристапи со добро дефинирана стратегија и истото мора да се интегрира во политика за рурален развој што вклучува комерцијално земјоделство (плантажи) и

земјоделство со мал обем. Проширувањето на безбедноста и здравјето при работа на работници во земјоделството може да се направи постепено преку негова интеграција во проектите за рурален развој. Ова бара имплементација на ефикасни национални политики, специфични програми на општинско и локално ниво и стратегиски акциони планови на ниво на претпријатие со нагласување на превенцијата. Пренесувањето на професионалното здравје до руралната популација треба да се интегрира во примарната структура за здравствена заштита.

**Водечки принципи**

Следниве водечки принципи се идентификувани врз основа на оценување на законот и праксата во земјите членки, стандардите на МОТ и искуството на МОТ во врска со програмите за техничка соработка.

Националната политика за безбедност и здравје за земјоделскиот сектор бара интегриран пристап кон:

- безбедност и здравје при работа (превенција и заштита);
- влијанието на средината кон здравјето (превенција и заштита);
- јавно здравје / примарна здравствена заштита (заштита и упатување);
- шеми за надоместок и социјална помош (заштита и рехабилитација);
- потреби од различни категории на рурални работници и проширување на опфатеноста до оние кои немаат социјална заштита и основни услуги;
- земјоделско производство; и
- политики за рурален развој.

Основањето на Национална програма за безбедност и здравје при работа во земјоделството наложува:

- Рамковен закон за безбедност и здравје при работа во земјоделството.
- Механизми на интер-секторска соработка помеѓу следниве партнери:
  - Министерство за труд;
  - Министерство за здравје;
  - Министерство за земјоделство;
  - Институции за социјална помош;
  - Министерство за животна средина
  - Организации на рурални работодавачи
  - Рурални синдикати
  - Здруженија на фармери
  - Рурални невладини организации

- Децентрализирана дефиниција на приоритети и потреби на општинско, локално и на ниво на претпријатие.
- Подобрени системи на статистика за професионални несреќи, повреди и заболувања.

- Адекватен инспекциски систем во земјоделството кој може да се организира преку една или повеќе од следниве опции:
  - Една инспекциска служба за сите сектори со единица која е технички квалификувана за земјоделство;
  - Една инспекциска служба за сите сектори со инспектори кои се обучени за земјоделство;
  - Специјализирана инспекциска служба за земјоделство;
  - Централна инспекциска служба потпомогната за одредени функции на регионални или локални нивоа од страна на соодветни служби.

- Системи за управување на безбедност и здравје при работа на ниво на работно место, кои инкорпорираат:
  - Пристап кој е ориентиран кон превенција;
  - Мерки за оценување на ризикот;
  - Следење на работната средина и на нејзиното влијание врз општата животна средина;
  - Мерки за надгледување на здравјето на работниците;
  - Водење евиденција и известување за повреди и заболувања;
  - Превентивни и заштитни мерки;
  - Мерки за заштита на средината;
  - Обука за информации и совет;
  - Служби за заштита на здравје при работа;
  - Институции за социјална помош и други социјални установи;
  - Промовирање на здравјето и мерки за здравје;
  - Учество на работодавачите и работниците.

- Адекватни служби и инфраструктура за здравствена заштита, вклучувајќи служби за проширување.
- Проширување на постоечките програми за рурален развој кои вклучуваат компонента за безбедност и здравје при работа.
- Витален пристап кон земјоделството:
  - Безбедност во употребата на агрохемикалии;
  - Алтернативни методи на заштита од штетници;
  - Органско земјоделство;
  - Мерки за заштита на средината;
  - Пристап на здравје на работното место и здрава животна средина.

**За дополнителни информации контактирајте на**
**Безбедна Работа, Програма за безбедност, здравје и животна средина, Оддел за заштита на трудот**
**Меѓународна канцеларија на трудот –** 4, route de Morillons – CH-1211 Женева 22 Швајцарија
Тел: +41.22.799.67.15 Факс: +41.22.799.68.78
E-mail: safework@ilo.org, Веб страна: www.ilo.org/safework

Безбедна работа

Програма за безбедност, здравје и животна средина
Оддел за заштита на трудот

Меѓународна канцеларија на трудот
4, route de Morrilons
CH-1211 Женева 22 – Швајцарија
Тел. +41.22.799.67.15
Факс +41.22.799.68.78